СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за земјоделство и рурален развој, што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 23 јули 2019 година.

Бр. 08-4277/1
23 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Стево Пендаровски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Член 1

Во Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19), во член 7 став (4) бројот „99“ се брише.

Член 2

Во член 14 ставови (2) и (3) зборовите: „освен корисниците на помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани и корисниците на дополнителна помош за исплата на загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани“ се бришат.

Член 3

Членовите 99 и 99-б се бришат.

Член 4

Започнатите постапки за доделување помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани и дополнителна помош за исплата на загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно со Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19).

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.